SYNLAB

# ИЗЈАВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ПАЦИЕНТИ

ПЗУ - дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија СИНЛАБ Скопје е посветена на заштита и почитување на вашата приватност и вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци и другите закони коишто ги уредуваат правата на пациентите во Република Северна Македонија.

Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, ПЗУ - дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија СИНЛАБ Скопје е Контролор на лични податоци, а лицата чии податоци се собираат и обработуваат се Субјекти на лични податоци.

Оваа Изјава за заштита на личните податоци на пациентите на Контролорот се однесува на нашите пациенти, во однос на категориите на лични податоци што Контролорот ги собира од вас при посета на една од нашите регистрирани подружници на територијата на Република Северна Македонија, заради потребата од добивање на потребната здравствена услуга.

Истата е донесена во согласност со членовите 16, 17, 18 и 28 став (1) и став (2) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), како и со Правилникот за безбедноста на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20).

## 1. ВАШИ ПОДАТОЦИ ШТО ГИ СОБИРАМЕ

Контролорот ги собира и обработува следниве податоци за Вас, со цел реализирање на лабораториските анализи заради коишто пациентот се упатува во една од регистрираните подружници на Контролорот, кога и приложува упат за вршење на лабораториски анализи на товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ, упат за вршење на лаботориски анализи коишто не се на товар на споменатиот фонд, или пак барање за изработка на анализи потпишано од пациентот.

### ❖ Постапка на собирање на податоци кога докторот му издал на пациентот упат за вршење на лабораториски анализи на товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ

Во овој случај, пациентот треба на некој од овластените лица на Контролорот („**оператор**„) да му го приложи упатот заедно со својата лична карта (за полнолетни пациенти) или здравстена книшка (за малолетни пациенти), а заради утврдување и поврзување на идентитетот на пациентот со податоците наведени во упатот.

Следствено потребно е бројот на упатот што е наведен во упатот да се внесе во системот Мој Термин којшто автоматски влече податоци за пациентот: име, презиме, ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање, живеалиште и адреса, дијагноза, доктор/установа којшто го упатил пациентот на анализата, видот на анализата што треба да се изврши; ЕЗБО, податоци за осигурување; број на здравствена легитимација.

Податокот за пол на пациентот, системот автоматски го пополнува согласно дадениот ЕМБГ.
Податокот за датум на прием на упатот автоматски се пополнува преку системот Мој Термин.

### ❖ Постапка на собирање на податоци кога докторот му издал на пациентот упат за вршење на лабораториски анализи коишто НЕ СЕ товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ

Во овој случај, пациентот на некој од овластените лица на Контролорот да му го приложи упатот заедно со својата лична карта на увид (за полнолетни пациенти) или здравстена книшка на увид (за малолетни пациенти), а заради утврдување на идентитетот на пациентот и поврзување со податоците

од личната карта/здравствената книшка со оние податоци наведени во упатот. Во овој случај системот не повлекува податоци за пациентот од Мој термин, туку операторот рачно ги внесува податоците од упатот што претходно биле пополнети од страна на докторот што го упатил пациентот во Синлаб, како и рачно внесува податоци добиени по пат на увид во личната карта или здравствената книшка на пациентот. Дополнително, овластеното лице внесува и податоци за анализите што треба да се извршат кај Контролорот, согласно избраните анализи од формуларот пополнет и потпишан од страна на пациентот.

Податокот за пол на пациентот, системот автоматски го пополнува согласно дадениот ЕМБГ, Податокот за датум на прием на упатот автоматски се пополнува преку системот Мој Термин.

- **Постапка на собирање на податоци кога пациентот нема упат, туку е потребно самостојно да пополни некој од достапните формулари изготвени од страна на Контролорот**

Во овој случај пациентот самостојно одлучува да прави анализа во некоја од регистрираните подружници на Синлаб, без претходно да има посетено доктор. Во овој случај, пациентот е должен да го пополни и потпише соодветниот формулар/барање притоа истиот самостојно одлучува кои од податоците ќе ги пополни, а кои нема. По земањето на биолошкиот примерок, пациентот ќе биде „видлив„ во системот под бар код под кој е обележан неговиот примерок.

Контролорот има три формулари/барања коишто пациентот ги пополнува зависно од реалната потреба за вршење на анализа од каталогот на услуги на Синлаб, и тоа: Формулар-Барање за согласност за собирање и користење на лични податоци и биолошки примерок (документ FM 168); Формулар-Барање за согласност за собирање и користење на биолошки примерок и лични податоци (документ FM 173); и Формулар/Информирана согласност за генетски анализи (документ FM 196).

Податоци што Контролорот ги собира и обработува за **полнолетните пациенти** се:

- име; презиме; датум на раѓање; адреса; ЕМБГ; број на електронска здравствена картичка; телефон; е-маил адреса; биолошки примерок;

Податоци што Контролорот ги собира и обработува за **малолетните пациенти** се:

- име; презиме; датум на раѓање; име и презиме на еден од родителите/старателите адреса; ЕМБГ; број на електронска здравствена картичка; телефон; е-маил адреса; биолошки примерок;

Зависно од видот на анализата на која што бил упатен пациентот, можно е да собираме и друг вид на податоци (освен овие погоре наведени) и тоа:

- За **Генетски анализи -** податок за индикација/дијагноза; согласност како да се користи примерокот (само за намената за потребната анализа, притоа по издавањето на резултатот примерокот се фрла; анонимно за контрола на квалитет; за научно истражувачки цели); согласност во колкав период да се чуваат резултатите (во законски предвидениот период од десет години или подолго од десет години); податок кому да се издадат резултатите (лично на пациентот; на докторот којшто го упатил пациентот на анализа; на член на семејството на пациентот).

## 2. КАКО ГИ КОРИСТИМЕ ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоци коишто ќе му ги дадете на Контролорот ќе бидат искористени исклучиво и само за:

- собирање, обработка и пренос на личните податоци;
- собирање, обработка и тестирање на биолошкиот примерок;
- анализа на биолошкиот примерок заради добивање на резултатите од тестирањето;
- споделување на резултатот од тестот и до докторот којшто го упатил пациентот на анализа;
- споделување на резултатот на впишаната е-маил адреса;
- (*за определени анализи*) анонимизирање на биолошкиот примерок за да истиот се користи за истражување;
- (*за определени анализи*) користење на биолошкиот примерок за цели на одржување на квалитетот од страна на лице од Синлаб Групацијата или некој од неговите партнери;

Не сте обврзани да ја дадете согласноста, меѓутоа имајте во предвид дека недавањето на согласноста може да го спречи Контролорот при анализата на биолошкиот примерок а следствено на тоа нема да може ни да ја изврши анализата и да ја обезбеди побараната услуга.

Согласноста можете да ја повлечете во било кое време, и ги имате сите права што уредно се наведени во точката 5 од оваа изјава а се однесуваат за правата на субјектите на лични податоци уредени со Законот за заштита на личните податоци. Сепак, имајте во предвид дека повлекувањето на согласноста нема да влијае на активностите на обработка на биолошкиот примерок и личните податоци коишто биле создадени пред да ја повлечете согласноста.

Доколку сакате да ја повлечете согласноста, Ве молиме известете не на телефон 02 3 107 107 или со испраќање на е-маил на licnipodatoci@synlab.com.mk или лично во било која од регистрираните подружници на Контролорот. Штом ја повлечете согласноста, Контролорот ќе престане со обработката на Вашите лични податоци и доколку законите го дозволуваат тоа, истите ќе бидат уништени.

## 3. ОТКРИВАЊЕ И МЕЃУНАРОДЕН ПРЕНОС НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоци ќе бидат испратени и чувани на сервери од страна на правно лице од земја членка на ЕУ. Заради зачувување на доверливоста и безбедноста на личните податоци, како и за да ги намалиме ризиците додека личните податоци се во други земји (надвор од Македонија), Контролорот презема соодветни технички/организациони, основни/напредни мерки согласно препораките на Агенцијата за заштита на личните податоци за да се осигура дека Вашите лични податоци се безбедно заштитени и обработени.

## 4. ЧУВАЊЕ И БРИШЕЊЕ НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за евиденции од областа на здравството, сите податоци од направените анализи во било која од регистрираните подружници на Контролорот, Контролорот ќе ги чува во период од 15 години од последниот внес на податоци.

## 5. ВАШИТЕ ПРАВА

Како субјект на лични податоци ги имате следните права загарантирани со Законот за заштита на личните податоци:

**5.1. Право на пристап** за тоа кои категории на лични податоци се обработуваат за Вас, за кои цели, кој ги обработува, кои се корисниците на личните податоци, предвидениот рок за чување на личните податоци (ако не е определен, критериуми кои се користат за определување на истиот), постоењето на правото да барате од Контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на нивната обработка, вклучително и право на приговор; правото на поднесување на барање до АЗЛП; податоци за изворот на достапните податоци за субјектот, кога истите не се собираат директно од субјектот на лични податоци; постоењето на автоматизиран процес на одлучување вклучително и профилирањето; податоци за соодветни заштитни мерки при пренос на личните податоци во трета земја; право на копија од личните податоци што се обработуваат;

**5.2. Право на исправка** е Ваше право да побарате и да добиете исправка од контролорот во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање за исправка на Вашите лични податоци; Имате право и да ги дополнителни нецелосните лични податоци со давање на дополнителна изјава;

**5.3. Право на бришење („право да се биде заборавен„)** е Ваше право да барате Вашите лични податоци да бидат избришани, пришто контролорот има обврска да ги избрише личните податоци во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање, под услови определени во членот 21 од ЗЗЛП;

**5.4. Право да барате ограничување на обработката** е Ваше право да побарате ограничување на обработката на неговите лични податоци, под услови определени во членот 22 од ЗЗЛП;
**5.5. Право на преносливост на податоците** е Ваше право да ги пренесете податоците на друг контролор, без притоа да бидете спречени од страна на Синлаб на кој првично му ги имате дадено вашите податоци. Сепак ова право се реализира под условите определени во членот 24 од ЗЗЛП;

**5.6. Право на приговор** е Ваше право да поднесете приговор до контролорот против обработката на неговите лични податоци врз основа на конкретна ситуација поврзана со него. Сепак ова право се реализира под условите определени во членот 25 од ЗЗЛП;

Доколку сакате да остварите некое од горенаведените права, Ве молиме контактирајте не (видете подолу во точката 6 (*Контактирајте нѐ*) од оваа изјава.

Исто така, можете да поднесете приговор за нашата обработка на вашите лични податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци на следниов линк: https://azlp.mk/kontakt/

## 6. КОНТАКТИРАЈТЕ НЀ

Вашите прашања, коментари и барања во врска со оваа изјава и нашата обработка на лични податоци се добредојдени.

Ве молиме пратете е-пошта на нашиот Офицер за заштита на податоци Filimena.Boshkovska@synevo.com.

## 7. ПРОМЕНИ НА ОВАА ИЗЈАВА

Сите промени што ќе ги направиме на оваа Изјава во иднина ќе бидат објавени на нашата веб страна (www.synlab.mk). Заради тоа, Ве охрабруваме секогаш да ја имате во предвид нашата последно прикачена изјава за заштита на личните податоци на пациентите.

Оваа изјава последно е ажурирана на 10/07/2025 година.

За Контролорот,

________________________

Директор, Маја Тодоровска